РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-6801/1
13-12-2017 год.
ЗРНОВЦИ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),член100 од Статутот на Општина Зрновци, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Зрновци за 2017 година со Одлука бр. 09-1531/2 од 18.09.2017година, од Градоначалникот на Општина Зрновци, Градоначалникот на Општина Зрновци го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село (УПС) Муродвис, Општина Зрновци**

Граници на опфатот се :

- **на запад** границата започнува од каналот за наводнување, и се движи по западната граница на КП1271, ја сече КП1268/2, продолжува по западните граници на КП2036, КП2038, КП2039, го сече регионалниот пат кој води кон соседното село Видовиште, и продолжува по границите на КП2182, КП2041, КП2042, КП2043, КП2044, КП2080, КП2081 и КП2082.
- **на југ** границата продолжува по јужната граница на КП2083, КП2088, КП2089, КП2090, КП2107, и југозападната граница на КП2119/2, КП2119/1, КП2120, КП2124, КП2128, КП2133, КП2134, КП2135, КП2136, КП2183, ја сече Морошка река и продолжува по јужната граница на КП 2137/2, КП2180, КП2177, КП2174, ја заобиколува КП2173/2, и продолжува по границите на КП 2172/2, КП2167, КП2166/1, КП2166/2, КП2161/1, КП2161/2, КП1910, КП1908, КП1895, КП1890 и КП1889.
- **на исток** се движи по источната граница на катастарските парцели КП1887, КП1886, КП1885, КП1884, КП1883, КП1882, КП1879, КП1639/1, ги заобиколува КП1640, и КП1641, и продолжува по источните граници на КП 1639/2, КП1875, КП1874, КП1873/2, КП1871, КП1870, КП1501/2, потоа по границата на КП1508, односно ја сече улица „Илија Танев", и ја заобиколува КП1506 и се движи по северните граници на КП1507, КП1509/1, КП1509/2, ја сече улица „Браќа Ставреви" и се движи по неа односно северната граница на КП2179, сè до КП1301, ја заобиколува и продолжува кон север по источната граница на КП1810, КП1802, КП1781, сè каналот за наводнување, односно КП1772.
- **на север** границата се движи по северната граница на каналот на КП1772, ја сече Морошка река и продолжува по северната граница на КП2175 и КП1271 и завршува каде што започнува западната граница.

Опфатот е со површина **од 70,40 ха.**

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог Урбанистички план за село (УПС) Муродвис, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Зрновци.

Јавната анкета ќе трае 5работни дена од денот на одржувањето на јавната презентација,секој работен ден од 08 до 16 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20.12.2017 (среда) во 13:00 часот во просториите на Општина Зрновци.

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Блаже Станков**